СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 13/23

Излегува по потреба 26.09.2023 год. (вторник) бр. 13 година XXVII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

1. Се прогласува, Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/1
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М,,бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ“ бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, 151,21), Советот на општина Новаци на 34 седница на 19.09.2023 донесе:

О Д Л У К А
за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци во делот на Донации за 2023 година и тоа на следниот начин:

Потпрограма	Буџет	Донации	Самоф.	Дотации	Кредити	Потставка

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

742111 Приходи од обединетите нации 300.000,00

и се распоредуваат на следните расходни потставки:

Г1 Поддршка на локалниот економски развој
425990 Други договорни услуги 300.000,00

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2023 година.

Бр. 14-660/4
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год.

1. Се прогласува, Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/2 Општина Новаци
25.09.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-6615
19. 09. 2023 год.
Новаци

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА

ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА

И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2023 година

Н О В А Ц И , септември 2023 година

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 14 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен Весник на РМ“ бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.09.2023 год. ја донесе следната :

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год.

1. Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год. бр. 14-359/6 од 24.04.2023г.

2. Во Програмата, во дел **II**,
во точка 2, бројот: ,,5. 577.887,00,, се заменува со бројот: ,,7. 003.683,00,,.
во текстот по точка 2 бројот ,,**8. 799.454,00**,, се заменува со бројот ,,**10. 225.250,00**,,.
во ставот ,,Расходите се во висина на приходите и ќе се користат за следните намени:,,
во точка 1 бројот ,,**7.249.454,00**,, се заменува со бројот ,,**8.675.250,00ден,,**.
по точка 4, по зборот ,,**ВКУПНО**,, бројот ,,**8.799.454,00**,, се заменува со бројот ,,**10.225.250,00**,,.

3. Во делот **I. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2023 год.**

во точка 4, подточка 4.3. во став 1, бројот ,,270.000,00,, се заменува со бројот ,,1.170.000,00,,.
по подточка 4.4 став 1, по зборот ВКУПНО: бројот ,,413.800,00,, се заменува со бројот ,,1.313.800,00,,.
по зборот **СЕ ВКУПНО:** бројот ,,**488.284,00**,, се заменува со бројот ,,**1.550.284,00**,,.
во точка 5, зборот ,,**Добровени**,, се заменува со зборот ,,**Скочивир**,,.
точка 7, се менува и гласи:
,,7. Изградба на локална улица Новаци(тротоари- излез кон Рибарци) П=667,00 м2

7.1Машински ископ на земја и тампон тротоари на улица кон Рибарци со д=20 см со за површ. П= 400 ,00м1	/м3/	130,00	250,00	32.500,00

7.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=20см /м3/		133,39	1250,00	166.737,00
7.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	650,00	900,00	585.000,00
			ВКУПНО :	784237,00
			ДДВ 18% :	141163,00
			СЕ ВКУПНО:	**925.400,00,,.**

4. Во делот **РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2023 год.,**
во точка 4, по зборот ,,улица,, се додаваа зборовите: ,,и игралиште,, а бројот ,,**488.284,00**,, се заменува со бројот ,,**1.550.284,00**,,.
точка7 се менува и гласи:
,, **7. Изградба на локална улица Новаци**
(тротоари- излез кон Рибарци) П=667,00 м2 . . . . . 925.400,00,,.
во точка 8 бројот ,,**484.803,00**,, се заменува со бројот ,,**480.024,00**,,.
во точка 9 бројот ,,**229.710,00**,, се заменува со бројот,, **229.710,00**,,.
по точка 10 по зборот ,,**ВКУПНО:**,, бројот ,,7.249.454,**00**,, се заменува со бројот ,,8.**675.250,00**,,.

по зборовите, ,,**Со зборови**,, текстот: ,,**(седум милиони, двеста четириесет и девет илјади, четиристотини педесет и четири денари)**,, се заменува со текстот: ,,**(осум милиони, шестотини седумдесет и пет илјади, двеста и педесет денари)**,.

5. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 година, влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско-корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“

1. Се прогласува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско-корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/3
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр 5/2002), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско - корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“, бр.14-464/7 од 13.06.2023 година.

Член 2

Во Одлуката во член 2 став 1 алинеја 2 се менува и гласи:

,,123.750,00 денари средства од Буџетот на Општина Новаци за 2023 и 2024 г., за исплата на хонорар за ангажирање на едно лице во период од 9 месеци“

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/6
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за редовни студенти, жители на Општина Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на државните универзитети во Република Северна Македонија

1. Се прогласува Одлука за одобрување на финансиски средства за редовни студенти, жители на Општина Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на државните универзитети во Република Северна Македонија, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/4
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр 5/2002), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци’’ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства за редовни студенти, жители на Општина Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на државните универзитети во Република Северна Македонија

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во еднократен износ од 12.000,00 денари за секој редовен студент, жител на Општина Новаци кој ќе се запиши прва година - прв циклус на студии на државните универзитети во Република Северна Македонија.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/7
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола, за 2024 година

1. Се прогласува Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола, за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/5
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ,, бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 19.09.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, за 2024 година, бр. 04-38 од 29.08.2023 год.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци”.

Бр. 14-660/8
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за финансиска помош во набавка на дигитална инфраструктура за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци

1. Се прогласува Одлука за финансиска помош во набавка на дигитална инфраструктура за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/6
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1, точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/2019), и Барање од ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци, заверено со наш бр. 15-644/1 од 06.09.2023 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 19.09.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за финансиска помош во набавка на дигитална инфраструктура за потребите на во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се дава финансиска помош во набавка на дигитална инфраструктура за успешна реализација на воспитно-образовниот процес во ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да го обезбеди средства од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год., за набавка на дигитална инфраструктура и тоа:

- смарт телевизор - 10
- смарт проектор - 2
- држач за проектор - 1
- интерактивен панел - 2
- училишна табла, бела - 5
- училишна табла, зелена – 8

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/9
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок за реновирање на црквата „Свети Спас“ во Живојно

1. Се прогласува Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок за реновирање на црквата „Свети Спас“ во Живојно, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/7
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) и Барање од МЗ Орехово, заверено со наш бр. 08-652/1 од 11.09.2023 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок за реновирање на црквата „Свети Спас“ во Живојно

Член 1

Со оваа Одлука, на МЗ Живојно и се одобрува финансиска помош, во градежен материјал - песок за реновирање на црквата „Свети Спас“ во Живојно.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, во рамки на буџетските можности на општината, да изготви решение за набавка на градежен материјал – песок за реновирање на црквата „Свети Спас“ во Живојно.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/10
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно

1. Се прогласува Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/8
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) и Барање од МЗ Орехово, заверено со наш бр. 08-652/2 од 11.09.2023 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно

Член 1

Со оваа Одлука, на МЗ Живојно и се одобрува финансиска помош, во градежен материјал – чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, во рамки на буџетските можности на општината, да изготви решение за набавка на градежен материјал – чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/11
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јован Стојковски од с. Зовиќ

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јован Стојковски од с. Зовиќ, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/9
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Јован Стојковски од с. Зовиќ

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Јован Стојковски од с. Зовиќ, лице со здравствени проблеми.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Јован Стојковски
ЕМБГ 1802952410086
Трансакциска сметка 500600015074767
Депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/12
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/10
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевано

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци, лице со здравствени проблеми.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 10.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Трајанка Стевановска
ЕМБГ 2404934415036
Трансакциска сметка 210501744041619
Депонент НЛБ Банка .

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/13
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во храна и пијалоци, за манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци

1. Се прогласува Одлука за одобрување на финансиска помош во храна и пијалоци, за манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/11
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), и Барање од управителот на манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци, заверено со наш бр. 08-673/1 од 15.09.2023 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиска помош во храна и пијалоци, за манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиска помош во храна и пијалоци, за манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци, за одбележување на славата на манастирот.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да изготви решение за набавка на храна и пијалоци, во висина од 120 000 денари, за манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци, за одбележување на славата на манастирот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/14
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок и тампон за изградба на конак на манастирот „Свети Илија“ во Градешница

1. Се прогласува Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок и тампон за изградба на конак на манастирот „Свети Илија“ во Градешница, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/12 Општина Новаци
25.09.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) и Барање од МЗ Градешница, заверено со наш бр. 08-670/1 од 15.09.2023 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок и тампонза изградба на конак на манастирот „Свети Илија“ во Градешница

Член 1

Со оваа Одлука, на МЗ Градешница и се одобрува финансиска помош, во градежен материјал - песок и тампон за изградба на конак на манастирот „Свети Илија“ во Градешница.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, во рамки на буџетските можности на општината, да изготви решение за набавка на градежен материјал – песок и тампон за изградба на конак на манастирот „Свети Илија“ во Градешница.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/15 Совет на Општина Новаци
19.09.2023 г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал – тампон, како и тампонирање на пат

1. Се прогласува Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал – тампон, како и тампонирање на пат, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 19.09.2023 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-688/13
25.09.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) и Барање од МЗ Будимирци, заверено со наш бр. 08-668/1 од 14.09.2023 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 19.09.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиска помош во градежен материјал – тампон, како и тампонирање на пат

Член 1

Со оваа Одлука, на МЗ Будимирци и се одобрува финансиска помош, во градежен материјал – тампон, како и тампонирање на патот на потегот од раскрсницата пред с. Старавина до излезот од с. Будимирци.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, во рамки на буџетските можности на општината, да изготви решение за набавка на градежен материјал – тампон, како и тампонирање на патот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 14-660/16
19.09.2023 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.;
2. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год.;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско-корисна работа 2023/24 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 4“;
4. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за редовни студенти, жители на Општина Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на државните универзитети во Република Северна Македонија;
5. .Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола, за 2024г.;
6. 6.Заклучок за прогласување на Одлука за финансиска помош во набавка на дигитална инфраструктура за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци;
7. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок за реновирање на црквата „Свети Спас“ во Живојно
8. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - чакал и песок за патот до: манастирот „Света Петка“ во Живојно и црквата „Свети Спас“ во Живојно
9. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јован Стојковски од с. Зовиќ;
10. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Трајанка Стевановска од с. Далбеговци
11. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во храна и пијалоци, за манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с. Новаци
12. заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок и тампон за изградба на конак на манастирот „Свети Илија“ во Градешница
13. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал – тампон, како и тампонирање на пат.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци

тел. 047 203 060 **Народна банка на РСМ**
Буџет на Општина Новаци **Д.Б. 4002004169848**
Сметка 749014004563010 **Приходна Шифра 752939**